# Сказна за слогот

Живеела некогаш една жабичка. Жабичка, како жабичка. Малечка од три слога: **ЖА - БИЧ - КА**.

И некогаш живеел еден слон.

Слон! Голем, голем! А, само со еден слог: **СЛОН**!

И малата жабичка се шегувала со големиот слон:

- Е – е – е! Голем, а од еден слог!

Но, од мочуриштето дошла една **ЧАП - ЈА** од два слога и ја проголтала таа ЖА – БИЧ - КА од три слога.

И тоа е се...

❖ Одговори на прашањата:

- Кои животни ги среќаваме во овој текст?
- Од колку слогови била составена малата жабичка?
- Зошто му се смеела на големиот слон?
- Што и направила чапјата на жабата?
- Кој збор е составен од најмногу слогови- чапја, слон или жабичка?

❖ Запиши ги дадените зборови во соодветната колона според бројот на слогови. Разгледај го дадениот пример и следи ги насоките како да го поделиш зборот на слогови.

**тиква бор саксија Николина топка летало**

**столица планината Битола мост мува фрижидер**

| **Еден слог (еднослoжен)** | **Два слога ( двосложен)** | **Три слога (тросложен)** | **Четири слога (четирисложен)** |
|---|---|---|---|
| еж | вода<br>во-да | ливада<br>ли-ва-да | Неготино<br>Не-го-ти-но |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**Самооценување**

Препознавам еднoсложни, двосложни, трисложни и повеќесложни зборови ДА НЕ

Делам едноставни зборови на слогови ДА НЕ

resursi.literatura.mk